


Во Париз се наоѓа едно ателје, скриено во дното на улицата обрасната со зеленило, премногу совршено за помеѓу своите ѕидови да не крие некоја тајна.
Мадлин го изнајмува за да ужива во самотијата и да пронајде малку мир после љубовната криза и серијата нерешени случаи.
После едно недоразбирање, на оваа млада лондонска полицајка ѝ се придружува Гаспар, писател и мизантроп, што допатувал во Париз за да пишува во тишина. Така сега овие две осамени и немирни души принудени се неколку дена да живеат под ист покрив.
Ателјето му припаѓало на славниот сликар Шон Лоренц и сè уште зрачи со неговата страст кон боите и игрите со светлината.

Скршен поради губитокот на својот син, Лоренц умрел оставајќи зад себе три слики, што се водат како исчезнати. Фасцинирани од неговата генијалност и заинтригирани од неговата тажна судбина, Мадлин и Гаспар одлучуваат да ги здружат силите за да ги пронајдат изгубените слики и да проникнат во тајните на Лоренц. Сепак, ќе мораат да се соочат со сопствените демони, во возбудливата истрага, што засекогаш ќе ги промени.